РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-3075/9
10.09.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од продолжение на 28. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржано на 25.8.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јаjага, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски, Виктор Павловски, м-р Гордана Мајнова.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** Цветанка Митревска.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски го отвори продолжението на 28. седница на Советот. Седницата почна во 15:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

## ДНЕВЕН РЕД

5. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на РД Наша ТВ ДООЕЛ Скопје.

6. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје

**Точки 5 и 6**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, даде заедничко појаснување во однос на двете точки од дневниот ред. Наведе дека двата радиодифузери, РД „Наша ТВ" ДООЕЛ и РФМ ДООЕЛ Скопје, до Агенцијата доставиле барања за промена на сопственичката структура. Во таа насока, Агенцијата се обрати до Централниот регистар на Република Северна Македонија со барање да изврши проверка дали, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), со предложената промена би се создала недозволена медиумска концентрација. Одговорот доставен од Централниот регистар на Република Северна Македонија, кој се

однесува на двата радиодифузери, потврдил дека се исполнети условите предвидени во ЗААВМУ, со што Советот би можел да донесе одлука со која ќе се одобри бараната промена на сопственичката структура. Меѓутоа, поради добиените информации дека идниот можен сопственик на двата радиодифузери можеби располага со финансиски средства за кои не може да се утврди, односно докаже потеклото, од страна на надлежен државен орган е отворена истражна постапка. Документот што се однесува на постапката е класифициран и истиот е доставен на увид на членовите на Советот. Имајќи ги предвид новонастанатите околности, кои би можеле да влијаат врз донесувањето на одлуката на Советот, а согласно одредбите од Законот за општата управна постапка, директорот Трајчевски предложи постапката да биде ставена во мирување. Тоа подразбира Советот да не донесува одлука со која би се одобрила промената на сопственичката структура на двата радиодифузери, сè до моментот кога Агенцијата од страна на надлежниот државен орган ќе добие известување за исходот од постапката по оформениот предмет.

*Гласање по Точка 5*

Советот на Агенцијата едногласно донесе решение за прекинување на постапката за одлучување по Известување за промена на сопственичката структура на Радиодифузното друштво Наша ТВ ДООЕЛ Скопје (Уп бр. 02-193/1 од 29.6.2026 г.), до завршување на постапувањето по оформен предмет на друг надлежен јавен орган согласно Известувањето бр. 18-1628/2 од 24.8.2026 г.

Решението за прекин на предметната постапка да се достави до Адвокатското друштво Пепељугоски, овластен полномошник за застапување на РД Наша ТВ ДООЕЛ Скопје

*Гласање по Точка 6*

Советот на Агенцијата едногласно донесе решение за прекинување на постапката за одлучување по Известување за промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје (Уп бр. 02-192/1 од 29.6.2026 г.), до завршување на постапувањето по оформен предмет на друг надлежен јавен орган согласно Известувањето бр. 18-1628/2 од 24.8.2026 г.

Решението за прекин на предметната постапка да се достави до Адвокатското друштво Пепељугоски, овластен полномошник за застапување на ТРД РФМ ДООЕЛ Скопје.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**